Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр.62/05.........120/18 и „Службен весник на РСМ" бр.110/19...288/21) и член 50 став 14 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со објавениот Јавен оглас бр.01/2023 (со арх.бр.08-2285/2 од 09.05.2023 година), Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по Јавен оглас
за вработување на неопределено време

1. Градоначалникот на Општина Велес, по спроведената постапка по Јавниот оглас бр.01/2023 (со арх.бр.08-2285/2 од 09.05.2023 година) за прием на работник во работен однос на неопределено време на работно место- Возач, ниво А2, шифра УПР 04 03 А02 001– 1 (еден) извршител, изврши избор на следниот кандидат:

   - Петар Пановски

2. Врз основа на одлуката за избор, со избраниот кандидадат наведен во точка 1 од оваа Одлука, ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на Општина Велес на ден 12.05.2023 година, објави Јавен оглас бр.01/2023 (со арх.бр.08-2285/2 од 09.05.2023 година), за прием на работници во работен однос на неопределено време на работно место - Возач, ниво А2, шифра УПР 04 03 А02 001–1(еден) извршител утврдено со актот/систематизацијата на работните места на Општина Велес. На јавниот оглас се јави 1(еден) кандидат.

Комисијата за селекција на пристигнатите документи, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, ги прегледа пристигнатата пријава и документи и изврши проверка на истите. Од извршената проверка Комисијата констатира дека поднесена е 1(една) пријава, која е поднесена во утврдениот рок, со комплетна документација. За извршената селекција на пристигнатите документи и пријава по огласот, Комисијата за селекција до Градоначалникот на Општина Велес достави Записник со бр.02-2285/7 од 22.05.2023 година, со конечна ранг-листа.

Врз основа на доставениот записник, а согласно член член 23 став 4 од Законот за работни односи и член 50 став 14 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот изврши избор на еден кандидат и донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против оваа одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на страната на Општина Велес.

Број.08-2285/8
23.05.2023 година

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Доставено до:
- Кандидатот
- ОУЧР
-Списи и архива